**Б. Потребна документација која налогодавачот правно лице ја доставува до банката за ПЛАЌАЊЕ ВО СТРАНСТВО:**
**10.04.2013**

| Ред бр | Вид на трансакција | Документ |
|---|---|---|
| **1.** | **Плаќање од сметка на резидент во корист на нерезидент по основ на тековни трансакции** | Резидентот доставува:<br>- ЕЦД- за плаќање по основ на увезени стоки, склучен договор, фактура, профактура или друг документ соодветен за конкретната работа |
| **2.** | **Директни инвестиции** | |
| **2.1** | **Плаќање од резиденти на нерезиденти по основ на ВЛОЖУВАЊЕ НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО ЗЕМЈАТА** | |
| | - плаќање од сметка на резидент на нерезидент по основ на плаќање на дивиденди и други добивки од вложување на нерезиденти во Република Македонија, | Резидентот доставува:<br>1. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција<br>2. доказ за сопственост на акциите односно уделите (ЦДХВ)<br>3. одлука на собрание на акционери за распределба и исплата на добивката<br>4. доказ од надлежен орган за намирени законски пропишани обврски врз основа на даноци и придонеси спрема државата (УЈП)за соодветната капитална трансакција |
| | плаќање по основ на пренос на остатокот од ликвидациската маса | 1. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција<br>2. доказ за сопственост на акциите односно уделите (ЦДХВ)<br>3. судско решение за ликвидација или извод од Централен регистар на Република Македонија за тековната состојба(за пренос на остаток од ликвидациската маса)<br>4. доказ од надлежен орган за намирени законски пропишани обврски врз основа на даноци и придонеси спрема државата(УЈП) за соодветната кпитална трансакција |
| | - плаќање по основ на повлекување на капитал на нерезидент од продажба на акции во домашно друштво на резидент во земјата | Резидентот доставува:<br>1. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централен регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција |
| | - плаќање по основ на повлекување на капитал на нерезидент од продажба на удели во домашно друштво на резидент во земјата | Резидентот доставува:<br>1. договор за купопродажба на удели<br>2. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар |

| | | |
|---|---|---|
| | | на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција |
| **2.2** | **Плаќање од сметка на резидент на нерезидент по основ на ВЛОЖУВАЊЕ НА РЕЗИДЕНОТ ВО СТРАНСТВО** | |
| | - плаќање за вложување од страна на резидент во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на капиталот во странското друштво, со што резидентот се стекнува со учество над 10% од капиталот на странското друштво во мешовити друштва | Резидентот доставува:<br>- договор за вложување потврден од нотар<br>- или извештај за склучена трансакција од брокерска куќа |
| | плаќање за вложување од страна на резидент во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на капиталот во странското друштво, со што резидентот се стекнува со учество над 10% од капиталот на странското друштво во целосна сопственост на резиденти | - акт за основање на друштвото потврден од нотар<br>- или извештај за склучена трансакција од брокерска куќа |
| **3.** | **Плаќање за КУПУВАЊЕ НЕДВИЖНОСТ ВО ЗЕМЈАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА НЕРЕЗИДЕНТ** | |
| | -за купување на недвижност во Република Македонија која ја поседувал нерезидентот како и за плаќање на доход од недвижноста во сопственост на нерезидент | Резидентот доставува:<br>1. доказ за извршен упис во регистерот на недвижности на нерезиденти при Централниот регистар на Република Македонија |
| **4.** | **Плаќање за ПОРТФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ** | |
| | - плаќање на нерезидент по основ на купување на странски сопственички и должнички хартии од вредност од страна на резиденти, кои се тргуваат на странските пазари **(само преку овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или преку овластен учесник на странска берза или организиран пазар на хартии од вреденост)** | Резидентот доставува:<br>- извештај за склучена трансакција од брокерска куќа |
| **5.** | **Плаќање за КРЕДИТНИ РАБОТИ** | |
| | **- за плаќање на главнина и камата по земени кредити од нерезиденти** | Резидентот доставува:<br>- кредитна пријава од Народна банка за кредитни работи кои се предмет на поединечно известување |

| | | |
|---|---|---|
| | **- за плаќање по основ на дадени кредити на нерезиденти** | - договор со нерезидентот |
| **6.** | **Плаќање по основ на извршна исправа** | |
| | -резидентот плаќа | Резидентот доставува:<br>- извршно решение |
| | **-**присилно плаќање | Овластен извршител доставува:<br>- налог 1450 (како налогодавач се наведува должникот а потпис и печат става извршителот)<br>- налог за извршување<br>- извршно решение |
| | -Кај плаќањата за капитални трансакции врз основа на извршна исправа и присилно плаќање врз основа на извршна исправа | Резидентот доставува:<br>- извршно решение<br>- налог за извршување<br>- доказ дека трансакцијата е пријавена, односно регистрирана во Централен регистар на директни инвестиции<br>-доказ од надлежен орган дека се намирени законски пропишаните обврски врз основа на даноци и придонеси кон државата, ако за основната работа за која настанала обврската за п лаќање е предвидено приложување на такви докази |
| **7.** | **Пренос на средства од правно лице со сметка во СБ на негова сметка во странска банка во зависност од основот на приливот** | Резидентот доставува:<br>- Одобрение од НБРМ за отворање на сметки во странски банки |
| **8.** | **-За плаќање врз основа на добивки од игри на среќа( во корист на лица кои не се резиденти)** | Резидентот доставува:<br>-Лиценца за приредување игри на среќа во казино, издадена од Владата на Република Македонија и дневна пресметка во која се прикажани сите обврски за плаќање кон учесниците во игрите на среќа, потврдена од одговорното лице во друштвото |